РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

**Бр. 1103- 51/7**

**Скопје, 19.05.2008 година**

**ДО**

**МИНИСТЕРСТВО ОЛИТИКА**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ДАДЕНИ ПРЕПОРАКИ ВО КОНЕЧНИОТ ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА - СРЕДСТВА ОД БУЏЕТОТ НА РМ – ЗАШТИТА НА ДЕЦА БР.1103-248/6 ОД 2006 ГОДИНА

## 1. Резиме

### 1.1. Основ за вршење на ревизијата на спроведување на препораките

Во 2006 година беше извршена ревизија на финансиските извештаи на Министерството за труд и социјална политика (во понатамошниот текст МТСП) - Средства од Буџетот на РМ - заштита на деца, за 2005 година.

Цел на ревизијата на финансиските извештаи беше изразување мислење за тоа:
- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива; и
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

### 1.2. Резиме на резултатите од ревизијата на спроведување на препораките

Во овој извештај на Овластениот државен ревизор (во понатамошниот текст ОДР) се презентирани резултатите од извршената ревизија на спроведување на препораките на Министерството за труд и социјална политика - Средства од Буџетот на РМ – заштита на деца. Во извештајот беа опфатени функционалните области на финансиско известување, оценка на системот на сметководствени и финансиски контроли, користените сметководствени принципи, испитување на докази за потврдување на конкретни финансиски трансакции, плати и персонални активности.

Во Конечниот извештај на ОДР Бр.1103-248/6 од 2006 година беа дадени вкупно две препораки и сугестии. Препораките се однесуваат на преземање мерки од страна на одговорните лица во министерството за отстранување на утврдените организациони слабости и вистинито и објективно утврдување на критериумите за распределба на средства по Јавни установи за деца -детски градинки.

Ревизијата утврди дека Министерството за труд и социјална политика има направено задоволителен напредок во спроведување на препораките на ОДР, при што е утврден следниот статус:

- Спроведена е препораката за утврдување на критериумите за распределба на средства по јавни установи за деца –детски градинки. Во министерството е формирана комисија која по добиените мислења од детските градинки изготвила предлог критериумите за распределба на наменските дотации по општините. Врз база на утврдените критериуми Владата на РМ во 2007 година донела Уредба за методологија за распределба на наменските дотации за општинските јавни установи за деца –детски градинки по општини.
- Не е спроведена препораката за  реална и објективна проценка на МТСП за потребата од нови вработувања во ЈУ за деца – Детски градинки, поради настанатите нови околности со измени на Законот за локална самоуправа, според кој надлежноста за нови вработувања во детските градинки е пренесена на локалната самоуправа на чија територија се наоѓаат. Со започнување на процесот на децентрализација одобрувањето за нови вработувања се реализира преку единиците на локалната самоуправа по барање на јавната установа до градоначалникот на општината. Тој понатаму обезбедува согласност за  финансиски средства од Министерството за финансии и спроведува постапка за вработување, поради што оваа обврска за МТСП е веке безпредметна.

Раководството на министерството, согласно Акционен план за спроведување на препораките по извршената ревизија, донесен на 16.08.2006 година извршило имплементација на препораките дадени во Конечниот ревизорски извештај кои се во рамките на неговите надлежности.

## 2. Вовед

### 2.1. Предмет на ревизијата

Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на спроведувањето на дадените препораки во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор бр.1103-248/6 од 23.06.2006 на Министерството за труд и социјална политика - Средства од Буџетот на РМ – заштита на деца.

### 2.2. Законски основ

Ревизијата од точка 2.1. на овој извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 и член 23 став 9 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 6 и 9 од Законот за државна ревизија.

### 2.3. Континуитет

Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за спроведување на дадените препораки во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор на Министерството за труд и социјална политика - Средства од Буџетот на РМ – сметка од редовно работење, за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа

ревизија.

**2.4. Одговорност на раководството на субјектот и на ревизорите на ДЗР**

Спроведувањето на препораките дадени во конечниот извештај на овластениот државен ревизор е одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

- Стевчо Јакимовски, министер од 25.12.2004 до 25.08.2006 година и
- Љупчо Мешков, министер од 26.08.2006 година

Одговорност и задача на ревизорите е да извршат ревизија/проверка на степенот до кој препораките дадени во конечните ревизорски извештаи се спроведени и да донесат заклучоци врз база на прибраните докази.

**3. Цел на ревизијата**

Цел на оваа ревизија е да се оцени степенот до кој препораките по наодите презентирани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор бр. 1103-248/6 од 2006 година се спроведени, како и оцена на соодветноста и влијанието на преземените мерки по однос на дадените препораки.

**4. Опфат и методологија, период на вршење на ревизијата и извршители**

Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. За време на ревизијата, извршивме испитување на сметководствените евиденции и поткрепувачка документација, спроведовме ревизорски постапки за оцена на усогласеноста со ревизорските стандарди и закони и одредување на соодветноста на постапките во однос на ревизорските цели, интервјуиравме одговорни лица на субјектот, извршивме процена на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, дадовме општа оценка на презентираните докази за спроведување на препораките и оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за степенот до кој препораките по наодите презентирани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор Бр.1103-248/4 2006 година се спроведени и соодветноста на преземените мерки.

Ревизијата од точка 2.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 28.01.2008 до 08.02.2008 година во просториите на Министерството за труд и социјална политика од ревизорски тим на Државниот завод за ревизија.

**5. Резултати од ревизијата на спроведување на препораките**

5.1. Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија, кој се одржа на ден 14.03.2008 година.

**5.2. Системски и организациони слабости**

**5.2.1. Наод во конечниот извештај на ОДР од 2006 година, точка 10.1.1.**

Уредбата за распределба на наменски дотации за локалните јавни установи за деца - детски градинки по општини донесена од Владата на РМ ја пропишува методологијата за распределба на 66.050 илјади денари наменски средства одобрени со Буџетот на РМ. Средствата се обезбедени како резултат на трансферот на надлежностите од централно на локално ниво од 01.07.2005 година, а се исплатени согласно Одлуката за утврдување на мрежата на ЈУ за деца – детски градинки во 40 општини за 51 јавна установа со вкупно 20.086 деца. Средствата определени како наменски дотации се наменети за покривање на расходи за комунални услуги, греење, комуникација и транспорт, договорни услуги и други оперативни трошоци. Врз основа на спроведените детални аналитички постапки, ревизијата утврди дека министерството нема пишани критериуми за распределба на средствата по градинките, ниту нормите донесени од Републичкиот завод за унапредување на домаќинствата се применуваат во пресметката за распределба на средствата. Доколку како критериум се примени расход по дете, ќе се утврди нееднаквост во распределбата на средствата, односно разлика во утврдениот просек на расход по дете, која во 2005 година се движи од 2.984 денари до 16.054 денари по дете во одделни градинки. Непостоењето на критериуми и нееднаквиот приод во распределбата на средствата влијае дестимулативно врз работењето на детските градинки што непосредно се одразува на децата, како корисници на услугите на овие установи.

**Препорака бр.1**

Министерство за труд и социјална политика, односно општините треба да изградат критериуми за распределба на средствата по Јавни установи за деца- детски градинки, кои ќе овозможат еднаквост помеѓу установите, корисници на овие средства.

**Коментар на субјектот**

Министерството формирало комисија за изготвување на предлог на критериумите за распределба на наменските дотации за детска заштита. Комисијата по добиените мислења од детските градинки изготвила предлог критериуми врз основа на кои Владата на РМ во месец 05/2007 година донела Уредба за методологија за распределба на наменски дотации за општинските јавни установи за деца - детски градинки по општини, која е веќе применета.

**Тековен статус на препораката бр. 1**

Препораката за утврдување на реални критериуми за распределба на средствата по јавни установи за деца-детски градинки е целосно спроведена. Министерот формирал комисија за изготвување предлог критериуми за распределба на наменските дотации за детска заштита, која врз основа на добиените мислења од градинките изготвила предлог критериуми и образложение за распределба на наменските дотации за локалните јавни установи за деца - детски градинки. Врз база на утврдените критериуми Владата на РМ донела Уредба за методологија за распределба на наменските дотации за општинските јавни установи за деца - детски градинки по општини која била објавена во Службен весник на РМ бр.65 од 30.05.2006 година.

### 5.2.2. Наод во конечниот извештај на ОДР од 2006 година, точка 10.1.2.

Во рамките на средствата за наменски дотации на ЈУ за деца - детски градинки еден дел од средствата во износ од околу 13.000 илјади денари или 20%, се однесува за исплата на договори за дело за 287 ангажирани лица, во континуитет повеќе години, за извршување на редовни работни активности предвидени со актот за систематизација на работните места, а спротивно на Законот за работни односи, Законот за даноци и придонеси од плати и Законот за облигациони односи, што има за последица незаконски потрошени државни средства. Ангажирањето на надворешни

лица е резултат на постојните законски прописи во делот на ограничувањето за нови вработувања и исплатата на платите за корисниците на буџетските средства.

**Препорака бр.2**
Министерството за труд и социјална политика односно општините во соработка со Министерството за финансии, врз основа на анализа базирана на утврдени норми, реално и објективно да ја оцени потребата од вработувања во ЈУ за деца – детски градинки, како редовно вработени лица, согласно законските прописи и правилниците за систематизација на работните места во установите.

**Коментар на субјектот**
Јавни установи за деца –детски градинки во согласност со Законот за локалната самоуправа, преминуваат под надлежност на локалната самоуправа на чија територија се наоѓа установата и средствата за вработувањето треба да ги обезбеди основачот, односно локалната самоуправа, со што престанува обврска за редовно вработување во детските градинки од страна на министерството.

**Тековен статус на препораката бр.2**
Преземените активности во врска со спроведување на препораката бр.2, а кои биле предвидени согласно Акциониот план на министерството да се завршат до крајот на 2006 година, не се реализирале, поради настанатите измени во законските прописи. Процесот на вработување во јавните установи за деца - детски градинки по извршената децентрализација, а во согласност со Законот за локалната самоуправа се одвива преку локалната самоуправа на чија територија се наоѓа установата и истата е должна да ги обезбеди потребните средства за редовно вработување. Поради наведените законски измени, министерството нема надлежност над вработувањето во детските градинки, со што престанува неговата обврска за спроведување на препораката дадена во Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор.

## 6. Ефекти

Ревизијата на спроведување на препораките утврди дека се постигнати очекуваните подобрувања/резултати како резултат на примената на утврдените активности утврдени со Акциониот план за спроведување на препораките за извршена ревизија на финансиските извештаи за 2005 година кај Министерството за труд и социјална политика, Средства од буџетот на РМ – заштита на деца, со преземање на соодветни мерки кај надлежните институции и со подобрување на постојните контролни постапки и организациски промени. Во рамките на своите надлежности МТСП ја запазило целата процедура за изготвување на реални критериуми за објективна распределба на средства на детските градинки, врз основа на кои Владата на РМ донела Уредба за методологија за распределба на наменските дотации за општинските јавни установи за деца –детски градинки. Утврдените критериуми создадале услови за еднаквост помеѓу установите, корисници на овие средства и ефикасна контрола при распределба на средствата.

## 7. Заклучоци

Државниот завод за ревизија утврди дека е направен задоволителен прогрес во имплементацијата на препораките дадени во Конечниот извештај на ОДР од 2006 годин, при што со донесувањето на Уредбата за методологија за распределба на наменските дотации за општинските јавни установи за деца -детски градинки се создадени услови за

реална и објективна распределба на средства на детските градинки.

Со новите законски решенија во процесот на децентрализација, пренесена е надлежноста за нови вработување во јавните установи за деца-детски градинки на општините на чија територија се наогаат истите, со претходно обезбедена согласност од Министерството за финансии. За Министерството за труд и социјална политика престанува обврската за анализа и оценка на потребите за нови вработувања во детските градинки.

**Скопје, 15.05.2008 год.** **Овластен државен ревизор**

**Прилог I**

## Статус

## на спроведување на препораките дадени во конечните ревизорски извештаи на овластениот државен ревизор

**Ревизорски извештај бр.** **1103-248/6 од 23.06.2006 година**

**Субјект:** **Министерство за труд и социјална политика**

| Бр./врска на наодот/ препораката во конеч. изв. на ОДР | **Ревизорска област Препорака** | **Статус на препораката** | Коментар на ревизорот |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| 10.1.1. | Министерство за труд и социјална политика, односно општините треба да изградат критериумите за распределба на средствата по јавни установи за деца- детски градинки, кои ќе овозможат еднаквост помеѓу установите, корисници на овие средства. | Врз база на утврдените критериуми од МТСП, Владата на РМ во 2007 година донела Уредба за методологија за распределба на наменските дотации за општинските јавни установи за деца по општините. | Со донесувањето на Уредбата за методологија за распределба на наменските дотации за општинските јавни установи за деца –детски градинки создадени се услови за реална и објективна распределба на средства на детските градинки. |
| 10.1.2. | Министерството за труд и социјална политика, односно општините во соработка со Министерството за финансии, врз основа на анализа базирана на утврдени норми, реално и објективно да ја оцени потребата од вработувања во ЈУ за деца - Детски градинки, како редовно вработени лица, согласно законските прописи и правилниците за систематизација на работните места во установите. | Процесот на вработувањето во јавните установи за деца - детски градинки по извршената децентрализација, а во согласност со Законот за локалната самоуправа се одвива преку локалната самоуправа и истата е должна да изврши анализа и оценка за потребните однови вработувања. | Со донесување на Законот за локалната самоуправа и извршената децентрализација во РМ вработувањето во Јавни детски установи-детски градинки е во надлежност на локалната самоуправа, пореди што престанале да постојат условите за спроведување на оваа преопорака од страна на МТСП. |